РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKËS, I SHËRBIMEVE TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Врз основа на член 8 став 3 од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на РМ“ бр.128/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија го објавува следното:

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Се известуваат сите заинтересирани правни и физички лица дека ЈКП ДЕРВЕН Велес, на ден 10.06.2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад поднесе Барање за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2027-2029 година, заведено под УП1 бр. 08–257/26 од 10.06.2026 година и Барање за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води за регулиран период 2027-2029 година заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад под број УП1 бр. 08-258/26 од 10.06.2026 година.

Со поднесените Барања, ЈКП ДЕРВЕН Велес бара регулираниот максимален приход за секоја година од регулираниот период и просечните тарифи за секоја водна услуга да изнесуваат:

1. **За снабдување со вода за пиење или водоснабдување:**

| Опис | Единица мерка | 2027 | 2028 | 2029 |
|---|---|---|---|---|
| Регулиран максимален приход | денари | 163.171.757 | 170.806.199 | 176.373.388 |
| Количина на испорачана вода | $m^3$ | 2.533.561 | 2.549.120 | 2.565.266 |
| Просечна тарифа | ден/$m^3$ | 61,66 | 64,15 | 65,79 |
| Минимална просечна тарифа | ден/$m^3$ | 58,91 | 61,28 | 62,82 |
| Максимална просечна тарифа | ден/$m^3$ | 64,40 | 67,01 | 68,75 |

2. **За собирање и одведување на урбани отпадни води:**

| Опис | Единица мерка | 2027 | 2028 | 2029 |
|---|---|---|---|---|
| Регулиран максимален приход | денари | 17.178.034 | 19.771.003 | 23.822.604 |
| Количина на собрана и одведена вода | $m^3$ | 2.259.054 | 2.272.993 | 2.287.461 |
| Просечна тарифа | ден/$m^3$ | 7,16 | 8,13 | 9,65 |
| Минимална просечна тарифа | ден/$m^3$ | 6,71 | 7,56 | 8,89 |
| Максимална просечна тарифа | ден/$m^3$ | 7,60 | 8,70 | 10,41 |

Заинтересираните правни и физички лица, мислењата и предлозите во врска со објавеното Барање може да ги достават најдоцна до 10 јули 2026 година, до 16.00 часот во Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад преку:

- Е-пошта: erc@erc.org.mk, voda@erc.org.mk
- Факс: 02/ 32 33 586
- Адреса: Ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат, 1000 Скопје

**Скопје, 06.07.2026 година**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**